| Б) Лексички единици:<br>● **Живеалиште**<br>*(la casa, il palazzo, l'appartamento, l'edificio, la villa, la villetta.)*<br><br>● **Населено место**<br>*(la città, il villaggio, il paese, il quartiere, la capitale, il capoluogo, la periferia, la zona.)*<br><br>● **Географски поими поврзани со окружение**<br>*(l'ambiente, la natura, il mare, il lago, il fiume, la montagna, la collina, la campagna, il verde, il campo, la spiaggia.)*<br><br>● **Објекти и институции во населено место**<br>*(la scuola, l'ospedale, la banca, il centro commerciale, la posta, il negozio, la farmacia, il cinema, il teatro, il mercato, la stazione, la fermata, lo stadio, la piscina, il monumento, la piazza, il museo, il marciapiede, la strada, il viale, il parco, il* | • Разбира и набројува зборови и изрази поврзани со поширокото окружение (живеалиште, населено место, географски поими, објекти и институции, превозни средства за градски сообраќај).<br>• Пренесува значење, на мајчин или на италијански јазик, на зборови и изрази поврзани со поширокото окружение (живеалиште, населено место, географски поими, објекти и институции, превозни средства за градски сообраќај).<br>• Пренесува значење, на мајчин или на италијански јазик, на зборови и изрази поврзани со барање/давање насоки за ориентирање и движење во простор.<br>• Употребува соодветни зборови и изрази при барање/давање насоки за ориентирање и движење во простор.<br>• Употребува соодветни зборови и изрази, во едноставен текст, поврзани со поширокото окружение. |

| | |
|---|---|
| *traffico ecc.)*<br><br>• **Превозни средства за градски сообраќај**<br>*(i mezzi pubblici, l'autobus, il tram, il metrò (la metropolitana), il taxi, la macchina, il motorino, la bicicletta (la bici), gli orari, la linea, la stazione, la fermata.)*<br><br>• **Насоки за движење и ориентирање во простор**<br>(*andare dritto, continuare dritto, girare a sinistra/a destra, attraversare una piazza/un ponte /una strada, prendere la prima strada a sinistra/a destra, seguire le indicazioni stradali, al centro di, a sinistra di, a destra di, di fronte a, dietro a, davanti a, tra, dentro, sotto, sopra, vicino a, accanto*.) | |

| | |
|---|---|
| В) Граматички содржини:<br>Повторување на усвоени правила и продлабочување на знаењата за одредени морфосинтаксички феномени:<br><br>• **Nomi:**<br>- I principali nomi invariabili<br>*(es. caffè, cinema, città, università)*<br>- Alcuni nomi di origine straniera con plurale invariato<br>*(es. bar, computer, fax, autobus, metrò, auto, moto, radio)*<br><br>• **Aggettivi:**<br>- Aggettivi qualificativi<br><br>• **Pronomi:**<br>- Pronomi dimostrativi: (*questo/quello*)<br>- Pronomi indefiniti :( *altro, qualcuno/qualcosa*)<br>- Pronome relativo che,( es. *Vado dal mio amico che abita in periferia*.)<br>- Uso della particella pronominale con valore di complemento di luogo, (es. *Ci vado adesso*.)<br><br>• **Verbi:**<br>- indicativo futuro semplice con valore temporale,<br>(es. *Domani pioverà.)*<br>- imperativo seconda persona singolare e prima e seconda persona plurale con (costruzione affermativa e negativa) per: | • Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази.<br>• Се изразува со доволно правилен изговор за да биде разбран.<br>• Ги употребува соодветните форми на именките.<br>• Ги употребува соодветните форми на описните придавки.<br>• Ги употребува соодветните форми на неопределените, прашалните, показните заменки, релативната заменка *che* и заменската честичка *ci* (просторна определба), во даден контекст*.*<br>• Употребува соодветни форми на глаголи (поврзани со темата) во сегашно време.<br>• Употребува соодветни форми на глаголи (поврзани со темата) во идно време (futuro semplice).<br>• Употребува соодветни форми на глаголи (поврзани со темата) во заповеден начин.<br>• Ги употребува прилозите за место и време во едноставни реченици.<br>• Употребува соодветни форми на предлози и сврзници во дадена ситуација.<br>• Користи едноставни расказни (потврдна и одречна форма), прашални и извични реченици во дадена ситуација. |

| | |
|---|---|
| a) dare istruzioni,( es. *Prendi, leggi qui!)*<br>b) invitare, (es*. Vieni con me; prendiamo due pizze*.)<br><br>• **Preposizioni:**<br>- Preposizioni semplici e articolate:<br>*( con, su, in, a , di, da, tra, per, …*<br>*con l'auto, con il treno, Tra dieci anni il mio quartiere sarà pieno di verde.; Il ristorante è tra la farmacia e la scuola.; )*<br><br>• **Avverbi:**<br>- Di luogo:<br>*(a destra / sinistra, a nord / sud / est /ovest, dritto, qui, qua, lì, là, fuori, dentro, dietro, davanti, sopra, sotto, vicino, lontano, su, giù, indietro, avanti);*<br>- Di tempo:<br>*( appena, già, subito, non...ancora, non...mai, prima, poi, ancora.)*<br><br>• **Frase semplice:**<br>- Proposizioni enunciative: affermative e negative<br>- Proposizioni interrogative: totali (SÌ/NO) e parziali introdotte da: come, dove, quando, perché, quanto, chi, che, cosa, che cosa, quale?<br>*- Proposizioni esclamative.* | |

**Примери за активности**

**Слушање/читање со разбирање  краток едноставен текст/слика/видео/аудио снимка преку некоја од следниве активности, по избор:** давање претпоставки, одговорање на прашања од типот: *Chi? Che cosa? Quando? Come? Dove?,* точно/неточно, отворени прашања, прашања за поврзување информации  или прашања со повеќечлен избор.

*A: Per favore, devo andare al ponte Nuovo, mi può indicare la strada?*

*B: Sì, certamente. Deve continuare dritto per circa duecento metri fino al semaforo, e poi girare a destra.*

*A: Grazie mille!*

*B: Prego, non c'è di che!*

*A: Qual è il percorso più breve per arrivare a piedi l'ospedale?*

*B: Continua lungo questa via Mameli, poi prima del ponte prendi la seconda a destra. L'ospedale si trova alla fine della strada.*

*A: Grazie.*

**Вежба:** *C'è/ non c'è …* Наставникот дава листа со зборови и/или слики што означуваат институции и објекти во населено место. Учениците индивидуално ги набројуваат институциите што постојат и што ги нема во нивното место на живеење. пр. Nella mia città/ nel mio quartiere/nel mio paese c'è/ non c'è …

**Практична задача:** *Доаѓање до значењето*. Наставникот дава листа со зборови што означуваат институции и објекти во населено место (*cinema, teatro, ufficio postale, museo, centro commerciale, …*). Учениците дополнуваат реченици со зборови од листата (пр. *Andiamo lì a  fare spese./Andiamo ________ a fare spese; Andiamo lì a comprare la frutta. ______/ Andiamo lì quando siamo malati . _________)*

**Вежба:** *Активност за систематизирање на знаењата:* Наставникот дели работен лист со табела во која во едната колона се запишани форми на глаголи во заповеден начин *(andare, girare, attraversare, continuare, prendere, seguire),* а во втората колона зборови од типот: *dritto, a sinistra/a destra, una piazza/un ponte /una strada, la prima strada a sinistra/a destra, le indicazioni stradali, ….)* Учениците, во групи, ги поврзуваат елементите од првата и од втората колона за да искажат движење во правец и насока, составувајќи реченици. Потоа, еден претставник од секоја група чита една од составените реченици. Останатите ученици внимателно слушаат и дополнуваат или коригираат доколку е потребно.

**Вежба:** *Trova le differenze.* Учениците работат во парови. На секој пар му се делат по две слики на кои ги пронаоѓаат разликите. Победник е

парот кој ќе ги посочи сите разлики. пр. *Nell'immagine A la banca è a sinistra del mercato, mentre nell'immagine B la banca è vicino al centro commerciale.*

**Вежба:** *Crucipuzzle:* Mezzi di trasporto. Учениците добиваат работен лист со слики од превозните средства и осумнасочник во кој ги заокружуваат зборовите кои одговараат на сликите.

**Вежба:** *Come arrivare a…?* Наставникот ги дели учениците во парови и на секој пар му дава план на исто населено место со иста појдовна точка, но со различна дестинација. Учениците подготвуваат краток текст во кој објаснуваат како да се стигне до дадената точка. Потоа секој пар го чита текстот, а останатите ученици треба да погодат, ако точно ги следеле насоките, до кое место се стигнува.

**Вежба:** Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн вежби со дополнување, поврзување, спарување, меморија (креирани од наставникот или веќе постоечки на интернет-страниците за учење италијански јазик).

**Усно изразување:**

*-Abito in centro città. Il mio quartiere mi piace molto. È tranquillo e pulito. C'è una scuola e un parco pubblico. Ci sono molti negozi e un mercato dove si può comprare la frutta e la verdura fresca. Nel centro del quartiere c'è una piccola piazza.*

**Усна интеракција:**

*A:Scusate ragazzi, sapete dov'è la mensa?*

*B: Certo; va' dritto per un centinaio di metri, alla terza strada gira a destra e poi subito a sinistra. C'è una lunga fila fuori, non puoi sbagliare.*

*A: Grazie tante.*

*B: Prego.*

*A: Luca, posso chiederti una cosa?*

*B: Certo, dimmi!*

*A: Dov'è il negozio di Sandra?*

*B: Dunque... è abbastanza facile: prendi questa strada e va' dritto; poi alla seconda strada gira a sinistra e al primo incrocio a destra. All'angolo sulla tua destra troverai il negozio.*

*A: Grazie!*

| |
|---|
| **Писмено изразување:**<br>*La mia città/il mio villaggio/il mio quartiere tra 10 anni.* Учениците составуваат краток текст со замислено место на живеење. |

<table>
<tr><td colspan="2">Тема 4: ФИЗИЧКА И ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА<br>Вкупно часови: 18</td></tr>
<tr><td colspan="2">Резултати од учење:<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. разбере слушнати/пишани кратки едноставни текстови во врска со физичка и здравствена состојба;<br>2. побара/даде информации за физичка и здравствена состојба;<br>3. даде совети за физичка и здравствена состојба;<br>4. ја опише, усно и во едноставен текст, својата физичка и здравствена состојба.</td></tr>
<tr><td>Содржини (и поими):</td><td>Стандарди за оценување:</td></tr>
<tr><td>А) Говорни чинови (actes de parole):<br>• Барање/давање информации за физичка и здравствена состојба<br>(Ciao Paolo, come stai oggi? - Bene, grazie.<br><br>-Buongiorno Francesca, come si sente oggi? -Grazie, sono in piena forma.<br>- Stai meglio?<br>-Non tanto, ho ancora mal di testa.)<br><br>• Давање совети за подобра физичка и здравствена состојба<br>(- Anna, non mangiare molti dolci, fanno male ai denti!</td><td>• Разбира слушнати/пишани кратки едноставни текстови во врска со физичка и здравствена состојба.<br>• Разменува информации, при усна интеракција, во врска со физичка и здравствена состојба.<br>• Дава совети, при усна интеракција, во врска со физичка и здравствена состојба.<br>• Ја опишува усно својата физичка и здравствена состојба.<br>• Составува едноставен текст за својата физичка и здравствена состојба.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| *- Paolo sembri stanco, non andare a dormire troppo tardi!*<br>*- Se siete stressati, fate una passeggiata!*<br>*- Bisogna camminare ogni giorno per una ventina di minuti. )*<br><br>• **Опишување физичка и здравствена состојба**<br><br>*(- Ieri non sono andato a scuola perchè mi sentivo male.  Ho preso freddo e mi è venuta la febbre alta. Oggi mi sono riposato e sono in gran forma.)* | |
| Б) Лексички единици:<br>• **Здравствена состојба**<br><br>(*avere mal di + le parti del corpo umano;  essere in buona salute, essere malato, …)*<br><br>• **Физичка состојба**<br>*(sentirsi bene/male, stare bene/male, essere in forma, essere stanco)*<br><br>• **Делови од човечкото тело**<br><br>(*testa, collo, braccio, mano, spalle, stomaco, gola, gamba, piede, ginocchio, schiena)* | • Разбира и набројува зборови и изрази што означуваат физичка и здравствена состојба.<br>• Пренесува значење, на мајчин или на италијански јазик, на зборови и изрази поврзани со физичка и здравствена состојба.<br>• Употребува поими и изрази, при разменување информации за физичка и здравствена состојба.<br>• Употребува поими и изрази, во едноставен текст, поврзани со физичка и здравствена состојба. |

| | |
|---|---|
| В) Граматички содржини:<br><br>Повторување на усвоени правила и продлабочување на знаењата за одредени морфосинтаксички феномени:<br><br>• **Nomi:**<br>- (alcune forme irregolari del plurale):<br>*(il braccio – le braccia ; la mano – le mani; il dito – le dita)*<br><br>• **Pronomi:**<br>- Pronomi personali atoni complemento diretto: (mi, ti, lo, la, ci, vi, li, le);<br>- Pronomi personali atoni complemento indiretto: (mi, ti, gli, le, ci, vi, gli.)<br><br>• **Verbi:**<br>La coniugazione attiva dei principali verbi regolari, di alcuni verbi irregolari, riflessivi, reciproci ai seguenti modi e tempi:<br>- indicativo presente<br>- condizionale presente: (avere, essere, fare, dovere, potere);<br>- imperativo (forma negativa dell'imperativo);<br><br>• **Avverbi**<br>- Avverbi di modo:( *velocemente, tranquillamente*);<br>- Avverbi di quantità:( *abbastanza, molto*); | • Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази.<br>• Се изразува  со доволно правилен изговор за да биде разбран.<br>• Ги употребува соодветните форми на именките.<br>• Ги употребува соодветните форми на заменките за директен и индиректен предмет во даден контекст.<br>• Ги употребува формите на можен начин од најчестите глаголи: *avere, essere, fare, dovere, potere*, при давање совет.<br>• Употребува соодветни форми на глаголи (поврзани со темата) во заповеден начин.<br>• Ги употребува прилозите за начин  и за количина во едноставни реченици.<br>• Користи едноставни расказни (потврдна и одречна форма), прашални и извични реченици во дадена ситуација. |

| | |
|---|---|
| • **Frase semplice:**<br>- Proposizioni enunciative: affermative e negative (non… niente/mai/più)<br>- Proposizioni interrogative:<br>- Proposizioni esclamative. | |

**Примери за активности**

**Слушање/читање со разбирање краток едноставен текст/слика/видео/аудио снимка преку некоја од следниве активности, по избор:** давање претпоставки, одговорање на прашања *Chi? Che cosa? Quando? Come? Dove?*, точно/неточно, отворени прашања, прашања за поврзување информации или прашања со повеќечлен избор.

*Medico: Buongiorno! Prego, si accomodi!*

*Giovanni: Buongiorno, dottore!*

*Medico: Mi dica, che cosa ha?*

*Giovanni: Ho un forte mal di gola e febbre.*

*Medico: Deve prendere questo antibiotico per quattro giorni.*

*Giovanni: Grazie, dottore. ArrivederLa.*

**Практична задача:** *Доаѓање до значењето*. Во замислена ситуација во која учениците се на екскурзија во Италија, некој ученик има здравствен проблем. Во дадена табела во работен лист, во левата колона, во парови, учениците запишуваат зборови и изрази, на мајчин јазик, со кои се искажува можна здравствена состојба (болка во стомак / главоболка, настинка…), и што би презеле за надминување на таа состојба (витамини, лек, чај, одмор…). Наставникот ги запишува предложените зборови и изрази на табла, во лева колона од табела. Потоа, во текст на италијански јазик на дадената тема, по дадена насока од наставникот, учениците ги подвлекуваат и ги запишуваат во десната колона од табелата изразите со *avere, essere* и делови од човечкото тело. Потоа секој ученик индивидуално ги поврзува изразите на мајчин јазик со еквивалентот на италијански јазик. На крајот се прави проверка на претпоставките за решенијата, а наставникот ги внесува точните одговори на табла.

**Практична задача:** *Dare un consiglio*. Учениците гледаат видео поврзано со давање совет (ситуација кај лекар, во аптека). Наставникот поставува прашања за глобално разбирање на видеото. При второто гледање, со паузи, учениците ги издвојуваат изразите за давање совет и ги запишуваат во тетратка. Потоа учениците ги читаат , а наставникот корегира доколку има потреба.

**Вежба:** *Подредување реплики во дијалог*. Учениците по групи добиваат исечоци со реченици од текст и ги подредуваат по логичен редослед за да состават дијалог. Еден ученик од секоја група го чита составениот дијалог на глас. Учениците внимателно слушаат а наставникот, доколку е потребно, прави корекции на презентираното.

**Вежба:** *Dal medico* - игра по улоги. Два ученика, во улога на пациент и доктор, составуваат едноставни дијалози во кои ќе искажат

здравствена состојба, односно ќе дадат совет.

**Вежба:** Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн вежби со дополнување, поврзување, спарување, меморија (креирани од наставникот или веќе постоечки на интернет-страниците за учење италијански јазик).

**Усно изразување:**

На прашањето: -*Cosa fai per essere in forma e sentirsi bene?* секој од учениците дава одговор од типот: - *Faccio esercizi/ Faccio passeggiate lunghe ogni giorno / Dormo almeno 8 ore al giorno/ Mangio frutta e verdura / Non mangio pane … .../*

**Усна интеракција:**

*Laura: Ciao Giovanna, come va la tua schiena?*

*Pietro: Mi fa sempre male.*

*Claudia: Dovresti andare dal medico e riposarti un po'.*

**Писмено изразување**: Учениците пишуваат кратка едноставна порака до својот другар во кој ја опишуваат својата физичка и здравствена состојба како причина за отсуство од часовите.

**Креативна активност:** *Mi sento … .* Учениците заеднички креираат умна мапа со зборови и изрази од обработената тема.

Тема 5: ***КУЛТУРА И ИНТЕРКУЛТУРНА КОМУНИКАЦИЈА***

Вкупно часови: Се реализира во склоп на часовите наменети за другите теми, во текот на целата учебна година.

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде оспособен/-на да:

1. демонстрира способност за препознавање и разбирање на културни информации преку употреба на стекнатиот вокабулар и граматички структури;
2. ги применува новостекнатите јазични и културни знаења за анализа и интерпретација на текстови, медиуми и активности релевантни за дадените култури;

3. го користи стекнатиот вокабулар и граматички структури за да опише и спореди обичаи, традиции и културни практики меѓу сопствената и дадената култура.

Ученикот/ученичката ќе:

1. развива емпатија и почит кон луѓето од различни културни позадини;
2. има позитивен став кон културните разлики и културната разновидност;
3. ја разбира и прифаќа вредноста на мултикултурниот дијалог како начин за збогатување на сопствените погледи и искуства;
4. размислува критички за сопствените ставови и предрасуди кон други култури;
5. ги почитува универзалните вредности како што се толеранцијата, соработката и меѓусебното разбирање.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| Содржините во наставната програма се насочени кон запознавање на учениците со културните, цивилизациските, социјалните и социојазичните аспекти на земјите каде што се зборува на италијански јазик. При тоа треба да овозможат развивање културна свест, разбирање на културните разлики и споредба со сопствената култура. | • Идентификува значајни обичаи и традиции на дадена култура.<br>• Ги објаснува основните концепти и вредности што ги одразуваат културните практики на земјите во кои се зборува на италијански јазик.<br>• Ги опишува сличностите и разликите помеѓу обичаите, традициите и навиките во дадената и сопствената култура, користејќи релевантни примери.<br>• Ги препознава и толкува културните и цивилизациските обележја на Италија, објаснувајќи го нивното значење.<br>• Ги применува стекнатите јазични вештини и знаењата за културата и во ситуации кои бараат интеркултурна комуникација. |

**Примери за активности**

**Индивидуална активност:** Учениците самостојно пишуваат краток едноставен текст во кој ги опишуваат интересите и афинитетите на младите од целната култура, користејќи го стекнатиот вокабулар.

**Квиз:** Учениците, поделени во мали групи, се натпреваруваат на квиз со прашања од типот "Точно/Неточно", "Избери го точниот одговор" или "Пополни ги празните места", во врска со културните и цивилизациските обележја на Италија.

**Дебата:** Учениците, поделени во две групи, дебатираат, на мајчин или на француски јазик, на тема „Се грижат ли младите доволно за

сопствената физичка и здравствена состојба?

**Дискусија:** Наставникот започнува дискусија со прашањето: "Се разликува ли начинот на кој го минувате вие слободното време од оној на вашите врсници во земјите каде што се зборува на италијански јазик?" Учениците ги споделуваат своите размислувања.

**Играње улоги**: Учениците симулираат сцена при први контакти со лица од културата чиј јазик се изучува. При тоа ги користат правилните изрази, поздрави и социјални норми што ги учат.

**Истражувачка активност:** *Уличните игри во минатото во Италија и во Македонија*. Учениците, поделени во две групи, според насоки од наставникот, бараат информации од интернет за уличните игри во Италија и во Македонија. Потоа, ги разменуваат информациите, ги одбираат најзначајните и изработуваат еден заеднички постер.

**Креативна активност:** Прошетка низ Фиренца. Наставникот ги дели учениците во групи. На секоја група ѝ задава задача да истражи на интернет за одредена знаментост или објект од градот Фиренца. Учениците во рамките на својата група бараат фотографии и информации за дадената знаменитост/објект од градот, се договараат и одлучуваат за содржините кои ќе ги презентираат. Потоа по еден претставник од секоја група усно ги реферираа информациите на италијански (и/или на мајчин јазик, доколку е потребно), потоа заеднички креираат кратко видео/репортажа за Фиренца.

**Истражувачка активност:** Регионите во Италија. Наставникот подготвува ливчиња со имиња на регионите во Италија. Секој ученик влече по едно ливче на кое е напишано името на регионот што треба да се претстави. Добиваат упатство од наставникот да истражуваат дома за географската местоположба, центарот на регионот (capoluogo), поголемите градови, реки, планини и карактеристики (специјалитети, културни и спортски настани и сл.). Секој ученик прави ПП презентација од максимум 5 мин и на некој од наредните часови го презентира регион, пред останатите.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ И ИНТЕРКУЛТУРНОСТ

Наставниците во гимназиското образование поттикнуваат инклузивност преку обезбедување активно вклучување на сите ученици во наставните активности. Соодветно ги адаптираат методите на работа за да одговараат на различните когнитивни и емоционални потреби на учениците, користејќи пристапи како индивидуализација, диференцијација, тимска работа и соученичка поддршка. При работа со ученици со попреченост, наставниците применуваат индивидуални образовни планови кои вклучуваат прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување и овозможуваат дополнителна поддршка од образовни асистенти, медијатори, тутори-волонтери и професионалци од ресурсните центри.

Редовното следење на напредокот на учениците, особено оние од ранливите групи, е од суштинско значење. Наставниците навремено ги идентификуваат евентуалните тешкотии и обезбедува насоки за нивно надминување, притоа создавајќи поддржувачка средина за постигнување на резултатите од учењето. Овој пристап не само што ги поттикнува академските постигнувања, туку и ја гради самодовербата на учениците и нивното чувство на припадност.

Во промовирањето на родова рамноправност, наставниците внимаваат да не се поттикнуваат стереотипни родови улоги при организирање на активностите. При формирањето групи за работа или доделувањето задачи, наставниците обезбедуваат рамнотежа помеѓу момчињата и девојчињата, додека при користењето примери, текстови и илустрации ја поддржуваат родовата сензитивност и ги поттикнуваат учениците да ги надминат родовите стереотипи. Наставниот процес е осмислен така што родовата еднаквост и етничката/културната сензитивност се природен дел од сите активности, особено преку користење, секаде каде што е можно, материјали и содржини кои промовираат интеркултурализам и меѓуетничка интеграција.

Наставниците ги воведуваат учениците во различни културни перспективи преку активности кои промовираат почитување на различностите во сите ,ожни ситуации. Ова им овозможува на учениците да развијат свест за интеркултурно разбирање и соработка, што е основа за создавање и развој на кохезивно, хармонично општество.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

По предметот Италијански јазик за I година на гимназиското образование, учениците ги совладуваат петте јазични вештини: разбирање при слушање, разбирање при читање, зборување (говорна интеракција и говорна продукција), пишување (писмена интеракција и писмена продукција) и јазично посредување (медијација). За таа цел наставникот/наставничката ги следи и ги оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот/-чката или од соучениците и учеството во дијалози со примена на усвоената лексика.
- усното изразување на доволно правилен начин за да биде разбран.
- разбирањето на слушнати и /или пишани искази, дијалози и куси текстови.
- пренесувањето говорени и пишувани искази од италијански на мајчин јазик и обратно.
- правилното пишување зборови, реченици и дијалози, како и пишувањето пораки, лични писма, покани, електронски писма, насочени состави, парафразирање кратки текстови и пишување сопствено мислење на дадена тема.
- индивидуалните и групните изработки на проектни задачи (постери, илустрации, презентации).
- домашните задачи.

Оценувањето на постигнувањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување со позитивно нагласување на постигнатиот напредок за владеење на јазикот, а не негативно истакнување на недостатоците.

Вреднувањето на напредокот на учениците со бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување се врши по завршување на учењето на секоја тема, на крајот на полугодието и на крајот на учебната година. Сумативната оценка се изведува како комбинација од оценката за напредувањето, констатирана преку различните техники на формативно оценување и од писмените проверки на компетенциите на учениците (работни ливчиња, тестови, писмени работи) на тест на знаење.

Од вкупниот број оценки, две ќе се базираат на писмени работи, додека останатите оценки ќе се базираат на усни одговори, учество во комуникативни активности, домашни задачи, индивидуални и групни изработки на проекти и тестови.

Оценувањето е составен, а неизолиран дел од наставниот час. Проверката на знаењето, како и оценувањето на учениците, не треба да се разликува од редовните активности во текот на часот, односно учениците не треба да се издвојуваат поединечно при усната проверка на знаењето.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2025/2026 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020), министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Италијански јазик* за I (прва) година гимназиско образование.** | бр. 13-5306/20<br>3.4.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска,с.р.<br><br>______________________________ |